Здружение на финансиски работници
на локалните самоуправи и јавните претпријатија
Association of finance officers
of the local governments and public enterprises

Број: 0302-396
30.10.2023 година
Велес

До
Сектор / одделение за финансии,
сметководство / ревизија

Предмет: Покана за работилница

Почитувани,

Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија, продолжувајќи ја повеќе од дведецениската традиција на организирање работилници за спроведувањето на пописите, има чест да ве покани на работилницата на тема:

**„ПОПИС НА СРЕДСТВАТА И ОБВРСКИТЕ КАЈ БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ, ЕДИНКИТЕ КОРИСНИЦИ, ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ, ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ, ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА, ЈАВНИТЕ КОМУНАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА, ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА И УСОГЛАСУВАЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВЕНАТА СО ФАКТИЧКАТА СОСТОЈБА ЗА ИЗВЕСТУВАЧКИОТ ПЕРИОД – 2023 ГОДИНА“**

Работилницата е закажана за 14.11.2023 год. (вторник) со почеток во 10.00 часот, а регистрацијата на учесниците е од 9.30 часот, во хотел „Холидеј Ин“ – Скопје.

Правилно и навремено спроведениот попис на средствата и обврските претставува основа за квалитетна и навремена подготовка на финансиските извештаи – завршната сметка, односно годишната сметка. Исто така, правилно спроведените пописи се основа за спроведување на усогласувањето на сметководствената со фактичката состојба кај двата сметководствени системи.

Поради големата важност на оваа активност, како и следејќи ги потребите и барањата за меѓусебно континуирано информирање, размена на информации, искуства и зголемување на вештините Здружението на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија – Велес, ја организира наведената работилница.

Со задоволство го очекуваме присуството на претставници на Единиците на локалната самоуправа, Буџетски корисници, единки корисници Јавните здравствени установи, Јавните установи, Јавни претпријатија / Јавно комунални претпријатија, Акционерски друштва и други заинтересирани страни.

Темите за работилницата се внимателно избрани и ги рефлектираат потребите и барањата за меѓусебно континуирано информирање, а учесниците на работилницата ќе имаат можност да разменат информации, искуства и добри практики за следните области:

- **Попис на средства и обврски кај буџетски корисници и јавните претпријатија**
- **Амортизација и ревалоризација кај буџетски корисници и јавните претпријатија**
- **Измени во даночниот систем**

Учесниците на работилницата:

- Ќе добијат потребни информации и насоки за формирање на пописните комисии;
- Ќе добијат потребни насоки за начинот на постапување и обврските на пописните комисии;
- Ќе добијат насоки за начинот на постапување на одговорните лица;

- Ќе разменат информации за тековните состојби, потреби и проблеми, и ќе добијат насоки за нивмно надминување;
- Ќе ги утврдат задолжителните фази при спроведувањето на пописот и тоа:
- Ќе добијат соодветни информации и податоци за даночниот третман на констатираните кусоци;
- Ќе добијат насоки за постапување со расходуваните средства.

Обезбедениот квалитетен експерт-практичар **Бранислав Гулев**, со своето долгогодишно искуство во областа на финансиското работење во јавниот сектор, како и утврдените области кои се предмет на елаборирање и дискусија на работилницата и долгогодишната соработка со вас поставува добра основа и мотивираност за ваше присуство.

**Надоместот (котизацијата) за учество на работилницата** е задолжителна за сите пријавени за учество на работилницата и изнесува: само **6.500,00 денари (без ДДВ)** по учесник со вклучени работни материјали и сертификат за учество на работилницата.

Надоместокот за учество на работилниците можете да ја уплатите на:
**Здружение на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје / или**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

Учесниците на работилницата кои имаат статус на сметководител, односно овластен сметководител согласно со одредбите на Законот за вршење сметководствени работи ќе имаат право на доделување на часови за посета на настава за КПУ согласно со темите и нивното времетраење опфатени со Агендата за оваа работилница. За овие посетители фактурирањето на надоместокот ќе биде соодветно прилагодено во рамките на вкупно утврдениот надоместок за работилницата.

Во функција на добро организирање на работилницата, Ве молиме навремено да го пријавите Вашето присуство во **Здружението на финансиските работници**. Вашите пополнети пријави за учество на работилницата ги очекуваме на емаил: kontakt_zfr@yahoo.com и zfrlsjpv@t.mk. Формуларот за учество на работилницата и агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/ За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на финансиски работници, на тел. 043/230-623, моб. 070/265-401; 071/335-930; 070/416-301; 076/265-136 или преку наведените емаил адреси.

Ве очекуваме да ни се придружите и заедничко да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата.

Со почит,

Извршен директор,
м-р Зоран Јанкуловски

Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавни претпријатија ВЕЛЕС 2